**ISSN 1857-7377**

**Меѓународно списание CONTEXT/КОНТЕКСТ 9, Review for Comarative Literature and Cultural Research/Списание за компаративна книжевност и културолошко истражување, Институт за македонска литература, Скопје, 2011, стр.115-121 (вкупно 6 страни)**

**Проф. д-р Луси Караниколова**

**Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

# ИМА ЛИ ДЕН?! …ЗА НИВ…И ЗА НАС

## (*За поезијата на Кочо Рацин и музиката на Тоше Проески)*

**Апстракт**

Во оваа статија, во името на музиката и поезијата, се прави обид за поврзување на поезијата на основоположникот на современата македонска литература Кочо Рацин и музиката на прекрасниот и ненадминлив македонски музичар Тоше Проески. Допирна точка се стиховите од Рациновата „Печал“ и композицијата „Има ли ден за нас“ на Тоше, благодарение на што се отвора можност за споредба по однос на интимните и универзалните параметри што се сретнуваат во двете песни, кои пак го осигуруваат нивното „траење“ низ времето. Анализата потврдува дека времето во музиката и литературата, како временски уметности, може и да запре, но и да биде вечно-до крајот на времето!

Пристапот кон овие две песни, по којзнае којпат, го потврдува Рациновиот исклучителен поетски сензибилитет и неприкосновената интерпретација на „момчето со ангелски глас“ кој успеваше да му вдахне душа на сѐ што ќе отпееше.

Анализата ја наметнува и дилемата: „Има ли ден за нас?“, во овие наши македонски, доцнотранзициски времиња кога сите тежнееме кон интегрирање во глобалните процеси на културните народи во Европа и светот.

**Клучни зборови**: поезија, музика, „Ден за нас“, интимен мотив, унивезални параметри.

## 1. ПРИСТАП

Во оваа статија правам обид да спојам две личности. Двајца великани на македонската уметност. Во името на поезијата и музиката. И им ја посветувам ним: на Кочо Рацин и Тоше Проески. Чуден спој! - Би рекол ненамерникот и неопитникот. Што би можело нив да ги поврзува кога временскиот раздел, барем меѓу нивните мртовдени е, ни повеќе ни помалку, туку точно 64 години?- Би се запрашал површниот логичар. Во уметноста сѐ е можно! - Така веројатно би констатирал искусниот аналитичар.

А одговорот е многу прост. И сѐ почнува од едноставната синтагма со прашален призвук „Има ли ден?!“ од композицијата на прекрасниот Тоше „Има ли ден за нас“*, што пак е и заглавие на целиот негов албум од 2004-та година. Со речиси исто значење, но во негација и, исто така во прашална форма е и стихот „Нема ли бел ден, нема ли...“ од песната „Печал“ на Кочо Рацин, од стихозбирката „Бели мугри“.

Уште како студент, а особено како постдипломец во првата половина на 90-те години на минатиот век, Рациновата „Печал“ силно ме возбудуваше токму заради вербалната, така речи барокна разиграност на нејзините стихови. И секогаш, при повторното читање наоѓав во неа нешто ново и поинакво: тука, ќе се согласат сите, можеби социјалната компонента е најмаркантна, но има и зрнце интима, обременети се овие стихови и со извесна доза на латентна љубовна болка, а секако, во нив ќе се соочиме и со неприкосновеното Рациново човекољубие. Оти тој не им се обраќаше само на Македонците. Во неговата социјална лирика, внимателниот читател ќе забележи дека поетот преку неа и се самооткрива и му се обраќа на светот.

Кога пак доцна пролетта, 2004-та Тоше ја отпеа „Има ли ден за нас“, и кога ја чув првпат, во миговите кога мелодијата одекнуваше од звучниците на Скопскиот саем во периодот на одржувањето на Саемот за книга и либрографика, бев просто запрепастена не само од пријатното чувство што го слушав Тоше. Впрочем, не беше ништо ново човек да ужива во неговата

* Автор на музиката на композицијата „Има ли ден за нас“ е Тодор Проески, а на текстот Огнен Неделковски. Издание на Македонската радио-телевизија и продуценската куќа Final-cut.

интерпретација. Она од што јас бев понесена беше спонтаната асоцијација што ме принуди да помислам на Рациновата „Печал“.

Идејата созреа низ поминатите години. И ќе бев бескрајно среќна, и сигурно не само јас, ако момчето од Крушево беше сега живо. Да види и да чуе дека неговата уметност е толку моќна што допушта споредба токму со онаа на големиот Рацин. А големите се големи токму затоа што за нив секогаш има што да се каже.

## 2. ДОПИРНИ ТОЧКИ

Што го чини сврзувачкото ткиво на поетскиот опус на Рацин и музичкиот на Тоше? По што беа слични овие двајца уметници како личности?

Најнапред патриотизмот. И попрво патриотизмот на Рацин. Не бевме ние негови современици, но сите добри познавачи на Рациновото творештво и на записите за него многу добро знаат дека патриотизмот, просто се прелева од неговите стихови. И од оние во „Бели мугри“ и во помаку естетски вредните од стихозбирката „Огномет“ на српски јазик. Па и од помалку литерарната проза што ни ја остави. Ако се потрудиме, веројатно социјални и патриотски елементи ќе препознаеме и во картичките што тој $ ги пишуваше на Раца. Што подразбира социјалната поезија ако не тегобност заради состојбата во која живее мојот народ? Зарем причината за тегобноста не е токму патриотизмот? Одговорот е несомнено потврден. Не грешиме во оваа смисла ниту по однос на теоријата на литературата, која социјалните и патриотските песни ги категоризира во засебни видови. Рацин беше патриот и по однос на своето учество во НОБ како и со уредувачка дејност на собраните народни песни што требаше под негов надзор да се печатат во партизанската печатница на планината Лопушник.

Има ли жив Македонец што не ќе се согласи дека Тоше беше патриот? Можеби во 1998-та и 1999-та година ќе останевме помалку со подзинати усни кога „момчето со ангелски глас“ ќе дадеше изјава за медиумите, а која, патем речено, го оддаваше неговото неискуство за вербално „дотерано“ настапување пред јавноста, па одеднаш ќе речеше дека „тоа и тоа“ го направил за

Македонија. Подоцна пак, се навикнавме на таквото питомо и искрено изразено родољубие. А ни го обели образот безброј пати: во Белорусија, во Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, на евровизискиот фестивал во Истанбул, во Турција. И сите бевме сигурни дека нема да нѐ изневери. И навистина не нѐ изневери. Неговата испеана песна беше наша национална гордост.

Филантропството е втората алка што ги поврзува двајцата македонски уметници. Љубовта кон човекот воопшто и по однос на сѐ што ќе направеше, беше заштитен знак за нашата поп-икона. Извираше таа љубов од секоја негова постапка, од она што простодушно ќе го кажеше и, најмногу од сѐ, од песната што ќе ја отпееше. Кога Тоше пееше, тој не беше Тоше. Тогаш Тоше беше песна. И љубов. Толку голема што нѐ шокираше. И, не бевме свесни за тој шок, за таа шокантна љубов што ни ја нудеше во изобилство, сѐ дотогаш додека не си замина засекогаш. Тогаш, неговото „Ве сакам сите!“, тогаш таа негова љубов доживеа квалитативна трансформација. Се преобрази таа во неизмерна болка по човекот што „пееше како славеј“, по момчето кое несвесно го сакавме кога пееше, оти неговата песна нѐ возбудуваше по еден чуден, невообичаен, несекојдневен начин. Неговата песна раѓаше во нас, неговите слушатели радост, една неопишлива среќа, среќа, чие потекло, додека беше жив, не го знаевме, ниту пак имавме потреба да размислуваме за неа. А таа, „среќата од Тоше“, својата генеза ја имаше во неговата љубов кон нас, не само затоа што сме Македонци, туку затоа што сме луѓе. Симпатичното момче, коешто пред наши очи порасна и како маж и како пејач, стана феномен-со својата музика, со љубовта кон музиката, со својата скромност, со безрезервната хуманост, со бесконечната љубов кон човекот.

Дека и Рацин беше филантроп, потврда ќе најдеме во севкупната негова лирика. И, ми се чини, најмногу токму во одбраната за анализа песна „Печал“. „Нема ли живот, нема ли/љубов за живот голема,/љубов за живот човечна...нема ли срце, нема ли,/срце-на срца срцето,/срце-ширини широко/срце-длабини длабоко-/цел свет да збере...“ (Рацин, 1987: 124) Рацин беше човек и поет на своето време. Живееше и создаваше поезија во екот на денес т.н. прва „светска економска криза“ и, веројатно, беше силно засегнат од

сиромаштијата на своите сограѓани и сонародници, а сигурно и интимно боледуваше заради „смртта на македонските занаети“. Но, не заборави преку своите стихови да ни порача и нам, неговите потомци и поклоници дека и тогаш, во таква тешка социјална положба човекот ќе остане човек само ако љуби. Ако го љуби другиот. Оти и тој другиот е, исто така-човек!

И Рацин и Тоше беа луѓе „од народот“. Беа граѓани на традиционалниот Велес и револуционерното Крушево. Се родија и живееја, за жал многу кратко, зашто му беа потребни на своето време. Рацин проговори за народната тага, на чист македонски јазик, но не заборави да ги предупреди своите современици дека, за да имаш „човечки живот“, треба да си го создадеш и, за него да се избориш. Тоше пак, изнедри одеднаш, во периодот на макотрпната македонска транзиција, кога сите се расчовечивме, кога се затворивме во себе, кога материјалните вредности ни станаа поважни од самите нас. Блесна со својата музика, оставајќи ни голем аманет - да му ја вратиме на животот љубовта, да го подобриме човекот во себе.

И најпосле, и Рацин и Тоше трагично го загубија животот. Првиот загина од куршум, според официјалната верзија, заради својот слаб слух, на 13-ти јуни, 1943-та година, на триесет и пет годишна возраст, на планината Лопушник во Западна Македонија. Тоше Проески пак, загина на 16-ти октомври, 2007-та година во сообраќајна несреќа во Република Хрватска во близината на Нова Градишка. Имаше само дваесет и шест години.

## 3. ДЕМОНСТРАЦИЈА

Теоријата на уметноста ги категоризираше поезијата и музиката во редот временски уметности. Не кажувам ништо ново ако речам дека темпоралната димензија е заеднички именител на овие две уметнички дисциплини.[*] Она што

[*] По однос на прашањето за временскиот карактер на музиката и поезијата, современата теорија на литературата го застапува ставот дека не се работи за потврда на нивната вредност низ времето. Имено, темпоралната димензија кај временските уметности всушност се сопоставува по однос на просторната кај просторните уметности-архитектура, сликарство и вајарство. Кај првите доминира линеарноста, сукцесивноста во процесот на нивната перцепција. Имено, за песната да се прочита или отпее, потребно е таа да се распостели пред нас, збор по збор, стих по стих. А за тој процес треба-време! Треба време и по однос на перцепцијата на архитектонското здание, сликата или скулптурата, но при првото „соочување“ со нив, на рецепиентот му треба еден миг: ја „восприема“

во оваа прилика е далеку попровокативно, кога станува збор за песната, односно поезијата на Рацин и песната, односно музиката на Тоше е прашањето за нивното „траење низ времето“, прашањето колку нивните песни носат универзален белег кој би им го „осигурал“ таквото траење како и, секако, загатнатата во заглавието на овој текст дилема: има ли ден?!!...За нив...Но и за нас!...

***Песната на Рацин и песната на Тоше***

Не еднаш и не првпат се потврди дека Рациновата поезија ги надрасна и времето и просторот. Одамна вредноста на неговата лирика покажа дека таа дури и престана да биде родокрајна. Таа е поетска универзалија, par exellence.

Не е нова ниту констатацијата дека Тоше во своето музицирање беше неприкосновен и барем за нас, Македонците, уште кој знае колку долго - единствен.

Она кон што се сосредоточувам во оваа прилика е - да го споделам моето доживување по однос на песната на големиот поет и песната на големиот музичар. „Печал“ и „Ден за нас“. И во таа смисла, да се обидам да потврдам дека времето во музиката и литературата може и да запре, но и да биде вечно-токму до крајот на времето. Со други зборови, настојувам да ги изолирам интимните и универзални параметри во песната на Рацин, кои пак се вешто интегрирани во социјалната доминанта на целокупната негова поезија. Песната на Тоше пак, ја претставувам од аспект на неговата моќна интерпретација и, по однос на имплицитното универзално значење што овој музичар успеваше да го „извади“ и да го „даде“ преку песните, главно со љубовни мотиви.

***„Печал“***

Имплицитниот интимен мотив „Печал“ ја нуди уште во првите стихови: „Нема ли живот, нема ли/љубов за живот голема...“ (Рацин, 1987:124) Овие се стихови на маж што љуби и знае да љуби жена. Едновремено во нив, токму во

---

уметноста, ја доживува естетската сатисфакција и дури потоа, почнува да ја „разложува“. И во едниот и во другиот случај, се има предвид внимателниот и опитен читател, слушател, односно набљудувач.

експлицитното социјално и прикриеното интимно, наидуваме и на општочовечката димензија на Рациновата лирика- човека му е неопходна љубов, зашто само така неговиот живот може да биде човечки.

Иста е поставеноста на мотивите социјален-интимен-универзален и во следната строфа, каде што разиграноста на зборовите и нивниот семантички капацитет, помалку наликуваат и на поетиката на Лопе де Вега: „Нема ли срце, нема ли/срце-на срца срцето,/срце-ширини широко/срце-длабини длабоко-/цел свет да збере, па да е/за виа гради малечко“. (Рацин, 1987:124) Овие стихови носат речиси еднакви пропорции од трите најфреквентни мотива. Имено, колку што се тажи над народната несреќа, толку таа болка носи и ентузијазам по однос на можноста човек да го љуби човека, но и секако, имплицитно, маж да љуби жена.

Потоа, веќе може да бидеме сигурни дека поетот ја манифестира својата визија по однос на идната, можна и многу посакувана слобода. Тоа пак значи дека социјалната компонента станува поагресивна за сметка на другите две: „Нема ли бел ден, нема ли/ден да е над деновите,/ден да е на аргатите...“ (Рацин, 1987:124) Но, веќе следните стихови ја нарушуваат примарната перцепција, зашто „социјалната агресивност“ попушта пред универзалната потреба и желба белиот ден да стане бел за сите, па и „...с’лнце да запре, да стои/и времето зачудено!“ (Рацин, 1987:124) Еве, како е можно во уметноста со временски карактер-времето да запре: да застане кај слободата и-така да остане-до крајот на времето!...

Неопитниот читател на ова место може да констатира дека интимниот мотив овде веќе го нема. Темелниот аналитичар пак, знае дека заправо, тој е и натаму присутен, но квалитативно трансформиран и, транспониран-се претопил во општочовечката исконска потреба да „ја живее“ слободата.

Слична е распореденоста на мотивите и во последната строфа на Рациновата „Пачал“, освен што овде таа е збогатена и со речиси експлицитно манифестираниот револуционерен мотив: „Срцето пука обрачи/и плиска знаме алово,/срцето што се отвора/и шири ширно широко-/целиот свет да загрне!“ (Рацин, 1987:124) Универзалната љубов на човек кон човекот и кон слободата

го чинат крајот на оваа прекрасна песна на основоположникот на современата македонска литература.

***„Има ли ден за нас“***

Веќе се кажа, песните што Тоше Проески ги отпеа беа речиси сите љубовни. Во таа смисла ниту песната „Има ли ден за нас“ која допушта споредба со Рациновата „Печал“ не е исклучок. Но, токму заради можноста да бидат компарирани, ми дава за право во оваа композиција на Тоше да ги посочам нејзините универзални вредности. А тие, секако, најмногу доаѓаат од способноста на големиот музичар, сè што ќе отпееше да го направи вредно. Па, макар тоа бил, како што честопати велеа и искусни уметници, дури и телефонски именик.

„Чекорот мој води кај што си ти.../ чуваш ли ти еден куфер со сни/малку сјај за утре“. Ова е почетокот на песната, каде што мошне едноставно, и во случајов, безмалку наивно, секој еден без особена тешкотија ќе ја препознае тагата на момчето по девојката која што веројатно го напуштила. Но, „Куферот со сни“ и „сјајот за утре“, се семантички моќни синтагми кои во своите пазуви ја носат не само интимната болка заради загубата, ами и постојаната човекова потреба да сонува, да се надева, да очекува посјајна утрешнина.

„...Прекрасна си гледам бездна пред нас/мојот свет без душа“. Овие стихови ја поседуваат истата квалификација, зашто имено, секој вљубен добро знае дека кога љубовта што му давала смисла на неговиот живот ја снемува, тогаш ништо друго за него нема да има никакво значење.

Рефренот на песнава, неговите стихови кои експлицитно ги покажуваат допирните точки со стиховите од песната на Рацин, по својата универзалност, а особено со универзалноста на интерпретацијата на Тоше, претставуваат најмаркантна составка на оваа творба и како музичка композиција и на ниво на текст: „Има ли ден за нас, /да откријам дека сум жив/да фрлам превез од страв и страст/да потпишам дека сум крив!“ Има во овие стихови и изобилство интимна љубов и болка, има и каење за сторената грешка, и признание дека животот има смисла само и само ако има љубов.

Точна би била констатацијата на проникливиот проучувач по однос на вредноста на стиховите од оваа песна дека тие ја немаат тежината на Рациновата длабока поетска промисла. Но, она по што тие $ се рамни, тоа е начинот на кој Тоше ги пееше. Знаеше овој, засекогаш млад музичар, да му даде вредност на она што $ го нудеше на публиката. Знаеше како на помалку вредната или речиси безвредната поезија да $ вдахне душа. Знаеше, зашто се даваше себеси и својата љубов. Кон човекот со големо Ч, кон сите луѓе воопшто.

## 4. **УНИВЕРЗАЛИЈА**

И Кочо Рацин и Тоше Проески не проживееја многу денови. Дури деновите на поетот беа повеќе тегобни одошто „бели“. Но, неговата поезија му осигура трајно и клучно место во историјата на македонската литература.

Повеќе од сигурно е дека и делото на Тоше, и тоа не само музичкото ќе го славиме и ќе му се поклонуваме засекогаш.

Она што особено возбудува во овој обид за доближување на двајцата македонски уметници-поетот Рацин и музичарот Тоше Проески е пророчката визија на нивните стихови: „Нема ли бел ден, нема ли“ и „Има ли ден за нас“ во овие наши македонски доцнотранзициски времиња кога сите тежнееме да се интегрираме во глобалните процеси на културните народи во Европа и светот.

Сонот на Рацин делумно и се оствари: неговиот народ доживеа слобода и ја живее слободата. Но, социјалната правда која и лично го засегаше-до ден денес не е докрај задоволена.

Тоше пак, човекот кој најмногу од сè ги сакаше човекот, љубовта и песната, ја почна, но не успеа да ја заврши својата мисија. Тој го посеа семето. Но, дали е доволно само да се чека плодот да созрее??? Дали е доволно само да се прашува „Има ли ден за нас?“

А деновите за нив, за Рацин и за Тоше, ги имало и ќе ги има. Зашто, вредните нешта никогаш не умираат. Дилемата е наша: *Има ли ден за нас?!!...*

**Abstract**

**Is There A Day?! For Them…And For Us**

**(About Koco Racin's Poetry and Tose Proeski's Music)**

In this article, in the name of music and poetry, an attempt is made to link the poetry of the founder of modern Macedonian literature, Kocho Racin and the music of wonderful and transcendent Macedonian musician Tose Proeski. Touch point are verses from Racin's "Earning" and Tose's composition "Is there a day for us?", thanks to which an opportunity is open for comparison in terms of intimate and universal parameters which appear in both songs, which in turn ensures their "life" through time. The analysis confirms that the time in music and literature, as time arts, can stop, but also can be everlasting-until the end of time!

The approach towards these two songs, once again, confirms Racin's exquisite poetic sensibility and extraordinary interpretation of "the guy with voice of an angel" who succeeded to breath soul into everything he sang.

The analysis imposes a dilemma: "Is there a day for us" in these our Macedonian late-transition times when we all strive towards integration into global processes of cultural nations in Europe and worldwide.

**Keywords**: poetry, music, "Day for Us," intimate motive, universal parameters.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Beker, Miroslav. 1991. *Semiotika književnosti*. Zagreb. Zavod za znanost o književnosti Filzofskog fakulteta u Zagrebu.

Вангелов, Атанас. 1995. *Исказот и стварноста*. Скопје. Детска радост.

Рацин, Кочо. 1987. *Бели мугри*, Скопје. Наша книга.

Караниколова, Луси. 2011. *Описот во прозата*. Скопје. Авторско издание.

Lodge, Davide. 1988. *Načini modernog pisanja*. Zagreb. Globus.

Сталев, Георги. 1994. *Едно можно читање на Разциновите 'Бели мугри'"*.Скопје. Матица македонска.